ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 51 ДАТА 24.XII.2014 ГОДИНА 32

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 51 ДАТА 24.XII.2014

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТАКОМИСИЈА НА ФФМ
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО МАЛ ФУДБАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2014/2015 ГОДИНА

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 23.12.2014 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "МАКЕДОНИЈА ЃП 1932" Скопје: Хадарович С. Сенад, Божиновски З. Бобан, по член 35/1.

* **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Скопје фудбалерите: Демири Бесир и Адили Мевлан поради преминување во друг Општински фудбалскиу сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Седница од 19.12.2014 година**

* **Раскин на професионален договор:**

ФК "Силекс АД" од Кратово и фудбалерот Косотовски М. Кристијан го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

* **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кратово фудбалерот Костовски М. Кристијан поради преминување со регистрација во друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 23.12.2014 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "ТИКВЕШ 2014" Скопје: Анѓелков Н. Александар и Лазаров Д. Игор од ФК "Вардар" Неготино по член 36/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 23.12.2014 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "КРАВАРИ" с. Кравари: Гилев П. Никола од ФК "Новаци 2005" од Новаци, по чл. 36/1.

* **Раскин на професионален договор:**

ФК "Пелистер АД" од Битола и фудбалерот Главевски М. Благојче го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 22.12.2014 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "НАПРЕДОК АД" Кичево: Дуртановски С. Александар, по член 35/1.

* **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кичево фудбалерот Спирковски С. Благоја, поради промена на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 18.12.2014 година**

* **Раскин на професионални договори:**

ФК "Шкендија АД" од Тетово и фудбалерот Јашар А.Амир го раскинаа договорот за професионално занимавање фудбал, Спогодбено.

ФК "Ренова АД" од с. Џепчиште и фудбалерот Бујчевски Р. Антонио го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

* **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Тетово, фуедбалерот Бујчевски Р. Антонио поради помена на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 22.12.2014 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД" Турново: Дуков Р. Сашо од ФК "Вардар" Неготино, по член 36/1.

* **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуа спогодбениот раскин на професионалниот договор помеѓу Вареловски Александар и "Хористонт Турново" бидејки нема напишано во одлука од кои причини се раскинува.

Не се објавуваат склучувањето на стипендиските догоори, помеѓу Крстевски Марио и Кочовски Валентин и ФК "Хоризонт Турново АД" од Турново бидејќи сега нее преоден рок.

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат извештаите за активностите во есенскиот дел од првенството 2014/15 на следните комисии:

- Комисија за натпреварување
- Комисија за мал фудбал
- Комисија за женски фудбал
- Комисија за младински фудбал
- Комисија за судии
- Комисија за тренери
- Комисија за безбедност
- Комисија за фер плеј

2. Се усвојува извештајот на Центарот за едукација на ФФМ.

3. Се потврдуваат извештаите за активностите во есенскиот дел од првенството 2014/15 на правните органи на ФФМ:

- Дисциплинска комисија на ФФМ
- Комисија за жалби на ФФМ
- Комисија за лиценцирање на ФФМ

4. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година, ги разгледа извештаите на комисиите , органите и телата на ФФМ за активностите во есенскиот дел од првенството 2014/15 година и донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1 (3-4-5-7-8-9-10-11-12-13-14-15)

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Добре Димовски за член на Комисијата за женски фудбал

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година по утврдување дека во Комисијата за женски фудбал треба да се назначи нов член, по упразнување на едно место го усвои предлогот и за нов член на комисијата го назначи Добре Димовски, долгогодишен селектор на Репрезентацијата во женски фудбал.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-2

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат извештаите на селекторите и координаторот за женски фудбал за активностите на женските репрезентации во периодот јуни-декември 2014 година

2. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година, ги разгледа извештаите на селекторите и координаторот за женски фудбал за активностите на женските репрезентации во периодот јуни-декември 2014 година и донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-6

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, ‚Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува извештајот за есенскиот дел од натпреварувањето помеѓу репрезентации на ОФС за натпреварувачката 2014/2015 година.

2. Се врши измена и дополнување на следните одредби на Пропозициите за натпреварување помеѓу репрезентации на ОФС за натпреварувачката 2014/2015 година

- Член 3 став 1 се дополнува со нова алинеа 5 која гласи:
„во Западен регион – ОФС Тетово, ОФС Кичево и ОФС Гостивар

- Член 6
во став 1, зборот „две" се менува со зборот„три"
во став 2, зборот „четирите"се менува со зборот „петте"
став 3 се брише

- Член 33
се додаваат 5 нови става и тоа:
став 3 "„Во пролетниот дел од натпреварувањето ќе се одиграат три кола.
став 4 „ Во првото коло се игра еден натпревар помеѓу екипите кои го извлекле бројот 1(еден) и 5(пет), победникот се стекнува со право за натпреварување во второто коло.
став 5 „Во второто коло се играат два натпревара и тоа еден натпревар помеѓу победникот од првото коло и екипата која го извлекла бројот 2(два) и еден натпревар помеѓу екипите кои ги извлекле броевите 3(три) и 4(четири).
став 6 „ Исклучок од еднострукиот куп систем претставува мини турнирот во третото коло за пласман на трето, четврто и петто место во кој учество земаат поразените екипи од првото и второто коло, секоја екипа игра по едно полувреме(секој со секого), се играат вкупно три полувремиња, пласманот се утврдува врз основа на постигнат резултат на турнирот и тоа :
- победа
- при нерешен резултат се изведуваат пенали за добивање победник
- гол разлика

- број на постигнати голови
- ждреб

- став 7 „ Во рамките на третото коло по одиграниот мини турнир се игра финалниот натпревар помеѓу победниците во второто коло" за пласман на прво и второ место.

- Член 35,

во став 1(еден) зборот 5500(петилјадиипетстотини) се менува со зборот 5750(петилјадиседумстотиниипедесет).

во став 1 се додава нова алинеа 5 која гласи: „за петто место награда во висина од 250(двестаипедесет) евра, алинеа 5 станува алинеа 6 која се менува и гласи: „ пехари за прво, второ и трето место".

4. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

5. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година го усвои извештајот на координаторот на натпреварувањето помеѓу репрезентациите на ОФС за натпреваруvачката 2014/2015 година. Во рамките на извештајот го усвои и предлогот за вклучување на Западниот регион. Соодветно на усвоениот предлог, УО направи измени и дополнувања на Пропозициите на натпреварувањето помеѓу репрезентациите на ОФС за натпреварувачката 2014/2015 година на начин опишан како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА • FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA • СКОПЈЕ • SKOPJE

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, в.в со член 21 и 34 од Пропозициите за натпреварување помеѓу репрезентации на ОФС за натпреварувачката 2014/2015 година ,Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Општинските фудбалски сојузи чии репрезентации го освоиле првото место во соодветниот регион во есенскиот дел од натпреварувањето помеѓу репрезентации на ОФС за натпреварувачката 2014/2015 година да им се исплати по 1000,00 (илјада) евра во денарска противвредност како што следи:
   - ОФС Битола (Југозападен регион)
   - ОФС Прилеп (Јужен регион)
   - ОФС Пробиштип (Источен регион)
   - ОФС Скопје (Северен регион)
   - ОФС Тетово (Западен регион)

2. На судиите кои ги суделе натпреварите во есенскиот дел од натпреварувањето помеѓу репрезентациите на ОФС за натпреварувачката 2014/2015 година да им се исплати такса за судење во висина од 1200,00 (илјадаидвеста) денари.

4. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

5. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година, врз основа на одредбите на Пропозициите на натпреварувањето помеѓу репрезентациите на ОФС за натпреварувачката 2014/2015 година односно член 21 став 5 и член 34 став 2 донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-17/1

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за Куп натпреварување во мал фудбал за натпреварувачката 2014/2015 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката и Пропозициите од точка 1 на оваа одлука да се објават во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година ги разгледа предлог Пропозициите за Куп натпреварување во мал фудбал за натпреварувачката 2014/2015 година и донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-18

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува извештајот за текот на гласањето за избор на најдобри за натпреварувачката 2013/14 година.
2. Се утврдуват добитниците на награди по категории:

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. Најдобар тренер за сезона 2013/14 | **Игор Ангеловски (ФК Работнички)** | | |
| 2. Најдобар фудбалер во МФЛ за сезона 2013/14 | **Борче Маневски (ФК Работнички)** | | |
| 3. Најдобар стрелец во МФЛ за сезона 2013/14 | **Дејан Блажевски (ФК Хоризонт Турново)** | | |
| 4. Најдобар тренер во женски фудбал за сезона 2013/14 | **Оливер Јовановски (ЖФК Кочани)** | | |
| 5. Најдобра фудбалерка во женски фудбал за сезона 2013/14 | **Наташа Андонова (Турбине Потсдам - Германија)** | | |
| 6. Најдобар стрелец во женски фудбал за сезона 2013/14 | **Афродита Салихи (ЖФК Кочани)** | | |
| 7. Најдобар тренер во футсал за сезона 2013/14 | **Зоран Левески (КМФ Железарец)** | | |
| 8. Најдобар фудбалер во футсал за сезона 2013/14 | **Кристијан Златковски (КМФ Биџо Куманово)** | | |
| 9. Најдобар тренер во младински фудбал за сезона 2013/14 | **Влатко Колев ФК Металург** | | |
| 10. Најдобар фудбалер во младински фудбал за сезона 2013/14 | **Јасир Асани (ФК Вардар)** | | |
| 11. Најдобар стрелец во младински фудбал за сезона 2013/14 | **Михајло Јакимоски (ФК Металург)** | | |
| 12. Најдобар клуб во младински фудбал за сезона 2013/14 | **ФК Металург** | | |
| 13. Заслужен фудбалски работник за сезона 2013/14 | **Минчо Јорданов** | | |
| 14. Фер Плеј екипа на годината за сезона 2013/14 | **ФК Работнички - Скопје** | | |
| 15. Најдобар судија за сезона | **Димитар Мечкаровски** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2013/14 | | | |
| 16. Најдобар репрезент на македонскиот фудбал во странство за сезона 2013/14 | **Агим Ибраими** | | |
| 17. Признанија | | | |
| - Унапредување на македонскиот фудбал | **ФК Вардар** | **ФК Шкендија** | |
| - Особен придонес и афирмација на македонскиот фудбал | **Ивко Пангoвски** | **Трајко Стаматоски** | **Кирил Манев** |
| - Успешна тренерска работа и афирмација на македонскиот фудбал во странство | **Марјан Секуловски** Национален Куп на Мјанмар со Ајејавади Јунајтед (2012 г.) Групна фаза на Азиски Куп | **Влатко Андоновски** Најдобар тренер во женска конкуренција (2012/2013) во САД Шампион на САД во женска конкуренција (2013/14) | |
| - Медиумска поддршка на македонскиот фудбал | **МРТ (спортска редакција - Тони Стојановски), Сител (спортска редакција - Бошко Трпески), Канал 5 (спортска редакција - Зоран Цветановски), Алсат М (спортска редакција - Махир Тачи), Македонски Спорт (Игор Д. Ивановски), Екипа (Никола Ѓуровски), Macedonian Football (Јован Трпчевски); МРТ 2 (спортска редакција - Мустафа Адеми)** | | |

3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година, го разгледа и усвои извештајот за текот на гласањето и за избор на најдобри за натпреварувачката 2013/14 година .

Врз основа на извештајот и добиените предлози Управниот одбор ги утврди и добитниците на награди по категории како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-19

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Горан Станиќ и Добринко Илиевски за селектори на младинските репрезентации.

2. Се назначува Ванчо Балевски за селектор на „А" Репрезентацијата на ФФМ во женска конкуренција.

3. Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година, ги прифати предлозите на ад хок комисијата на Управниот одбор формирана на претходната седница во врска со назначување на селектори за млади категории и одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-22/1

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се назначува Бруно Пресилски за технички координатор на дисперзираните фудбалски паралелки.

2 Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојувањето на седницата на Управниот одбор.

3. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година, го прифати предлогот на координаторот за млади категории за назначување на Бруно Пресилски за технички координатор на дисперзираните фудбалски паралелки и донесе одлука одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-22/4

Управен одбор

Врз основа на член 56 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 16.12.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се усвојува извештајот на селекторот на „А" Репрезентација на ФФМ за активностите на „А" Репрезентацијата во квалификацискиот циклус за ЕВРОПСКО првенство 2016 година во Франција.

2. Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година, го разгледа извештајот на селекторот на „А" Репрезентација на ФФМ за активностите на „А" Репрезентацијата во квалификацискиот циклус за ЕВРОПСКО првенство 2016 година во Франција и донесе одлука како во диспозитивот..

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-2678/1-22/5

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 12-2714/1
23.12.2014 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Мите Левков- претседател, Синиша Стојчевски -член, Арбен Борова – член, постапувајќи по жалбата бр. 12-2600/1 од 28.11.2014година поднесена од Сашко Пандев , фудбалер на ФК Хоризонт Турново од Турново. против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 1101-2557/2 од 19.11.2014 година година, врз основа на член 145 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 22.12.2014 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Делумно се уважува жалбата бр. 12-2600/1 од 28.11.2014 година изјавена Сашко Пандев , фудбалер на ФК Хоризонт Турново од Турново.
2. Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ број 1101-2557/2 од 19.11.2014 година со која Сашко Пандев со ИД бр. 100364, фудбалер на ФК Хоризонт Турново од Турново се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на првенствени и куп натпревари во траење од 6 (шест) месеци ,во изречената дисциплинска мерка е засметана и казната за добиениот црвен картон,казната тече од 30.10.2014 година **се преиначува** и гласи : Сашко Пандев со ИД бр. 100364, фудбалер на ФК Хоризонт Турново од Турново се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на првенствени и куп натпревари во траење од 4 (четири) месеци. Во изречената дисциплинска мерка е засметана и казната за добиениот црвен картон. Казната тече од 30.10.2014 година.
3. Одлуката е конечна, да се објави во Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Фудбалерот на ФК Хоризонт Турново од Турново , Сашко Пандев со ИД бр. 100364, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 1101-2557/2 од 19.11.2014 година со која фудбалерот е казнет со забрана на настап на првенствени и куп натпревари во траење од 6 (шест) месеци, поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ со барање да се уважат жалбените наводи во целост и дисциплинската мерка да му биде укината.

Постапувајќи по жалбата, Комисијата ги разгледа жалбените наводи и приложените материјални докази од страна на Дисциплинската комисија на ФФМ :

- записник од натпреварот Ф.К Брегалница 2008 АД – Ф.К Хоризонт Турново АД одигран на 29.10.2014 година во Штип
- дополнителен извештај од делегатот на натпреварот
- изјава од главниот и помошниот судијана натпреварот

- изјава од жалителот дадена во постапка
- изјава од Томислав Тимовски, претставник на Ф.К Хоризонт Турново
- одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 1101-2557/2 од 19.11.2014

По барање на жалителот, Комисијата по службена должност прибави и изведе како доказ и аудио-визулен доказ- снимка од натпреварот Ф.К Брегалница 2008 АД – Ф.К Хоризонт Турново АД одигран на 29.10.2014 година во Штип.

Комисијата констатира дека наводите на жалителот дека постои суштествена повреда на одредбите на постапката од причини што во истата не е наведен составот на комисијата, гласилото каде е објавен Дисциплинскиот правилник не се од апсолутен карактер и не влијаат битно врз донесената одлука. Во врска со наводот во жалбата за немање можност за утврдување на веродостојност на одлуката поради немање на потпис на одлуката од страна на Претседавачот на комисијата, Комисијата направи увид во записникот од состанокот на дисциплинската комисија на кој записник е констатирано носењето на предметната одлуката и утврди дека истиот е потпишан од сите членови на комисијата како и дека одлуката е објавена во Макфудбал од кога произвела правно дејство.

Во однос на наводите за погрешно утврдена фактичка состојба Комисијата по изведување на сите докази ја утврди следната фактичка состојба:

Во рамките на 13 коло на Прва МФЛ на 29.10.2014 година во Штип е одигран првенствениот натпреварот Ф.К Брегалница 2008 АД – Ф.К Хоризонт Турново АД. При крај на првото полувреме 44/45 мин од натпреварот по постигнување на гол од страна на гостите , фудбалерот со број 19 Пандев Сашко кој бил и стрелец на голот своето задоволство од постигнување на голот го изразил на начин што претрчал покрај резервната клупа на домашните и по атлетската патека се упатил кон публиката. За ваквото однесување пом.судија го пријавил кај главниот судија кој му доделил жолт картон кој воедно бил и втор. По доделувањето на вториот жолт картон фудбалерот имал обврска да го напушти теренот. На ваквата одлука на главниот судија , група на фудбалери се упатиле кон помошникот , се втрчал и фудбалерот со бр. 19 Пандев Сашко.

Од снимката на натпреварот комисијата не можеше со сигурност да утврди дека постоел физички напад од страна на фудбалерот со бр. 19 Пандев Сашко врз помошниот судија, туку дека фудбалерот се втурнал и направил обид за физички напад врз помошниот судија.

Врз основа на вака утврдена фактичка состојба комисијата констатира дека наводите на жалителот се делумно основани и дека првостепениот орган нецелосно ја утврдил фактичката состојба, не станува збор за физички напад туку за обид за физички напад врз помошниот судија.

Поради економичност на постапката како и поради фактот дека за ваквиот прекршок е предвидена санкција и за обид , комисијата врз основа на член 145 став 1 ал.1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, во врска со член 44 и член 11 од ДП на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот. Комисијата при одлучување зема во предвид дека жалителот досега не е казнуван за ваков тип на прекршоци.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **1101-2709/2-1**
**Прва лига : 2014 – 2015**
Скопје : **22.12.2014 година**

Врз основа на член 79 а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 16.12.2014 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Еуромилк" –Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1/4 КУП натпреварот помеѓу: Ф.К. "Работнички" од Скопје - Ф.К. "Еуромилк" од Скопје, констатира: Василевски Петре со ИД број 104399 фудбалер на ФК Еуромилк пријавен по завршување натпреварот(поради меѓусебно кошкање и вулгарно и неспортско однесување со шефот на стручниот штаб на Ф.К.Работнички Франц Томислав)

Доставено до :

- ФК "Еуромилк" – Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-2709/2**
**Скопје: 22.12.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Василевски Петре фудбалер на Ф.К."Еуромилк"од Скопје согласно член 16,17, а во врска со член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1. **Василевски Петре со ИД 104399 фудбалер на Ф.К "Еуромилк" –Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап во времетраење од 1 (еден месец).**
2. **Казната тече од 07.12.2014 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1\4 КУП натпреварот помеѓу Ф.К.Работнички-Ф.К.Еуромилк одигран на ден 06.12.2014 во 13:00 часот на Арена Филип Втори и по соочувањето на странките на ден 16.12.2014 година во просториите на ФФМ констатира: фудбалерот на ФК Еуромилк Василевски Петре е виновен бидејки е пријавен по завршување на натпреварот(поради меѓусебно кошкање и вулгарно и неспортско однесување сошефот на стручниот штаб на Ф.К.Работнички Франц Томислав)

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Еуромилк"Скопје
- Архива
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска Комисија
Претседател
Блерим Бесими

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **1101-2709/3-1**
**Прва лига : 2014 – 2015**
Скопје : **22.12.2014 година**

Врз основа на член 79 а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 16.12.2014 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Еуромилк" –Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1/4 КУП натпреварот помеѓу: Ф.К. "Работнички" од Скопје - Ф.К. "Еуромилк" од Скопје, констатира:Јовановски Даниел со ИД број 102597 фудбалер на ФК Еуромилк пријавен по завршување натпреварот(поради меѓусебно кошкање и вулгарно и неспортско однесување со шефот на стручниот штаб на Ф.К.Работнички Франц Томислав)

Доставено до :

- ФК "Еуромилк" – Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-2709/3**
**Скопје: 22.12.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Јовановски Даниел фудбалер на Ф.К."Еуромилк"од Скопје согласно член 16,17, а во врска со член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1. **Јовановски Даниел со ИД 102597 фудбалер на Ф.К "Еуромилк" –Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап во времетраење од 1 (еден месец).**
2. **Казната тече од 07.12.2014 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1\4 КУП натпреварот помеѓу Ф.К.Работнички-Ф.К.Еуромилк одигран на ден 06.12.2014 во 13:00 часот на Арена Филип Втори и по соочувањето на странките на ден 16.12.2014 година во просториите на ФФМ констатира: фудбалерот на ФК Еуромилк Јовановски Даниел е виновен бидејќи е пријавен по завршување на натпреварот(поради меѓусебно кошкање и вулгарно и неспортско однесување сошефот на стручниот штаб на Ф.К.Работнички Франц Томислав)

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Еуромилк"Скопје
- Архива
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска Комисија
Претседател
Блерим Бесими

ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **1101-2709/4-1**
**Прва лига : 2014 – 2015**
Скопје : **22.12.2014 година**

Врз основа на член 79 а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 16.12.2014 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Работнички" –Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1/4 КУП натпреварот помеѓу: Ф.К. "Работнички" од Скопје - Ф.К. "Еуромилк" од Скопје, констатира:Франц Томислав Шеф на стручен штаб пријавен по завршување натпреварот(поради меѓусебно кошкање и вулгарно и неспортско однесување со фудбалерите на Еуромилк Василевски Петре и Јовановски Даниел)

Доставено до :

- ФК "Работнички" – Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-2709/4**
**Скопје: 22.12.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Франц Томислав Шеф на стручен штаб на Ф.К."Работнички"од Скопје, согласно член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Франц Томислав Шеф на стручен штаб на Ф.К "Работнички" –Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на вршење на секаква функција поврзана со фудбалскиот спорт во траење од 1 (еден) месец .**
2 **Казната тече од 07.12.2014 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1\4 КУП натпреварот помеѓу Ф.К.Работнички-Ф.К.Еуромилк одигран на ден 06.12.2014 во 13:00 часот на Арена Филип Втори и по соочувањето на странките на ден 16.12.2014 година во просториите на ФФМ констатира: шефот на стручниот штаб на ФК Работнички Франц Томислав е виновен бидејќи е пријавен по завршување на натпреварот(поради меѓусебно кошкање и вулгарно и неспортско однесување со фудбалерите на Еуромилк Василевски Петре и Јовановски Даниел)

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Работнички"Скопје
- Архива
- Макфудбал

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска Комисија
Претседател
Блерим Бесими

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-2709/5**
**Скопје: 22.12.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија одлучувајќи по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Ф.К.Вардар од Скопје за натпреварот од 17 коло Ф.К.Вардар-Ф.К.Работнички одигран на ден 30.11.2014 година одигран на стадионот на Арена Филип Втори во Скопје ,врз основа на член 48 а во врска со член 51 а во врска со член 3 и 8 од дисциплинскиот правилник на ФФМ,на седницата одржана на ден 16.12.2014 ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. **Ф.К.Вардар од Скопје се казнува со парична казна од 300(триста)евра во денарска противвредност на денот на уплата**
2. **Паричната казна клубот е должен да ја уплати по правосилноста на оваа одлука,на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје**
3. **Казната тече од 16.12.2014**
4. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ,согласно член 121 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ ,а врз основа на изјавите и официјалниот записник од натпреварот од 17 коло на Прва МФЛ:Ф.К.Вардар-Ф.К.Работнички одигран на ден 30.11.2014 во 13:00 часот на стадионот Арена Филип Втори во Скопје ,констатира дека Ф.К.Вардар е виновен поради слаба организација.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во Диспозитивот.

При одредување на казната земени се во предвид мерките за обезбедување кои клубот домаќин ги превеземал за несметано одигрување на натпреварот

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Вардар"Скопје
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФЕДЕРАЦИЈА НА

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1101-2709/6**
**Скопје: 22.12.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ,врз основа на член 35,48 а во врска со член 3 и 8 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.12.2014 донесе:

**О Д Л У К А**

1. **Ф.К.Шкендија од Тетово се казнува со дисциплинска мерка ОПОМЕНА.**
2. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ МАК ФУДБАЛ**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица како и дополнителниот извештај од Делегатот за натпреварот од 17 коло прва МФЛ Ф.К.Шкендија од Тетово– Ф.К.Пелистер од Битола,констатира дека Ф.К."Шкендија " од Тетово се казнува со дисциплинска мерка ОПОМЕНА,а поради недолично-навредливо однесување на навивачката група "Балисти". При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите од Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во Диспозитивот.
ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Шкендија"Тетово
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 1 СКОПЈЕ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

за КУП натпреварување во мал фудбал за натпреварувачката 2014/2015 година

Скопје, декември 2014 година

Врз основа на член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 16.12.2014 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО МАЛ ФУДБАЛ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Фудбалскиот куп во мал фудбал на ФФМ е редовно натпреварување.
Во фудбалскиот куп во мал фудбал на ФФМ задолжително учество имаат сите сениорски екипи вклучени во системот на натпреварување во Прва и Втора лига во мал фудбал во Фудбалската Федерација на Македонија .

## Член 2

Бројот на екипите и начинот на куп натпреварувањето го утврдува Комисијата за мал фудбал на ФФМ.
Во натпреварувачката 2014/15 во КУП натпреварувањето во мал фудбал учествуваат екипи кои се натпреваруваат во Првата и Втората лига во мал фудбал:

| **Клуб во мал фудбал(КМФ** | **место** |
|---|---|
| КМФ Бели | Кочани |
| КМФ Биџо | Куманово |
| КМФ Богородица | Демир Капија |
| КМФ Велес | Велес |
| КМФ Гемиџии 1903 | Велес |
| КМФ Железарец | Скопје |
| КМФ Јувентус Серава | Скопје |
| КМФ Кратово | Кратово |
| КМФ Мал Ајакс | Штип |
| КМФ Овче Поле 2013 | Свети Николе |
| КМФ Ројал Илирет | Куманово |
| КМФ Рудник Саса | Македонска Каменица |
| КМФ Сее Универзити | Тетово |
| КМФ Скопје 2011 | Скопје |
| КМФ Хедис | Скопје |
| КМФ Цико | Стојаково |
| КМФ Црна Река | Кавадарци |
| КМФ Шкендија | Тетово |
| КМФ Шкупи 1927 | Скопје |

**Член 3**

Натпреварувачките парови за КУП натпреварувањето се извлекуваат по пат на жреб по Бергеров систем пред одигрување на наредниот круг натпревари. Домаќин е клубот со помалиот натпреварувачки број.
Екипите броевите ги извлекуваат по азбучен ред.
Во случај на откажување од КУП натпреварувањето на екипата и се одземаат 3 (три) бода од освоените бодови во првенството.

**Член 4**

Фудбалскиот куп во мал фудбал на ФФМ се игра по следниот редослед:

1. Натпреварите се играат по еднострук систем односно еден натпревар.
Во случај на нерешен резултат веднаш се поминува на изведување пенали за добивање победник според Упатството на Меѓународниот БОРД за добивање победник кој оди во следниот круг со исклучок на финалниот натпревар каде се игра продолжение од два пати по пет минути а потоа се преминува на изведување на пенали во случај на понатамошен нерешен резултат.

2. Во првиот круг учествуваат 9-те (деветте) екипи кои се натпреваруваат во втората лига.
Не се натпреварува екипата со реден број 1 (слободна).

3. Во вториот круг (1/8 финале) директно учествуваат десетте екипи кои се натпреваруваат во Првата лига ,четиритте победниците од првиот круг и екипата која не се натпреварувала во првиот круг.
Се играат вкупно 7 натпревари , една екипа е слободна (екипата со извлечен број 1).
Екипата која била слободна во првиот круг, не може да биде слободна и во вториот круг.

4. Во третиот круг(1/4финале) учествуваат победниците од натпреварите во вториот круг и екипата која била слободна во вториот круг.
Се играат вкупно 4 натпревари.

5. Победниците од четвртфиналните натпревари се пласираат во полуфиналето на Купот

6. Во финалето учествуваат победниците од двата полуфинални натпревари.

**Член 5**

Натпреварите се одигруваат на терени во спортски сали примени од орган на ФФМ согласно Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ за одигрување на натпревари во првата и втората лига.

**Член 6**

Трошоците на службените лица ги плаќа ФФМ.

**Член 7**

Финалниот натпревар се игра во организација на ФФМ.

Управниот одбор на ФФМ на предлог на Комисијата за мал фудбал го одредува местото и времето на одигрување на натпреварот.

**Член 8**

Победникот на финалниот КУП натпревар го освојува пехарот кој останува во трајна сопственост на победникот.
Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови, судиите, контролата на судењето, делегатот и мерачот на време од финалниот натпревар, добиваат соодветен медал за учество на финалниот куп натпревар.

**Член 9**

Сите телевизиски и други права од финалниот натпревар ги има Фудбалската Федерација на Македонија.

Приходот од влезниците од финалниот натпревар се дели на три (3) дела, рамноправно на двата клуба финалисти и на ФФМ, откако ке се одбијат сите направени трошоци околу организацијата на финалниот натпревар.

ФФМ може да договори отстапување на организацијата на финалниот куп натпревар на трето лице .

Распределбата на гратис влезници се прави во договор со финалистите.

**Член 10**

Во случај на направена материјална штета од навивачките групи, истата целосно ја сноси клубот организатор на навивачките групи за што се составува записник на кој присуствуваат овластени лица од ФФМ.
За евентуално несогласување со ваквиот записник, екипата може да побара увид на штетата на лице место со свој претставник.

**Член 11**

За се што не е прадвидено со овие Пропозиции соодветно ке се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија , пропозициите за мал фудбал (Прва и Втора лига) и останатите применливи прописи на ФФМ.

Толкување на овие Пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

**Член 12**

Овие пропозиции влегуваат во сила со денот на донесување.

Скопје, 16.12.2014

Претседател на ФФМ
Илчо Ѓорѓиоски

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**